# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ – ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-875/3 од 04.07.2014 година донесена на 116 седница на наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 04.07.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно научната област финансии и банкарство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ воШтип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „ Нова Македонија” и „Коха“ од 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријави:

д-р. Зоран Темелков, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Зоран Темелков** е роден на 09.12.1982 година, во Скопје, Р. Македонија. Средно образование завршува во Скопје. Високо образование, Економски факултет завршува во Солун (2001-2004) година на Универзитетот “Шефилд”, со просечна оценка 9,43. По завршувањето на додипломските студиите, успешно завршува постдипломски студии од областа на банкарство и финансии на Универзитетот “Шефилд”. Со завршена магистерска дисертација, со наслов *„Промените во Супервизијата во Банкарската Индустрија под влијанието на Базел 1 и Базел 2 Спогодбата“* се здобива со звање магистер на економски науки од областа на Банкарство и финансии. Поле на интерес му се: Банкарство, финансии, сметководство, монетарна економија, финансиски менаџмент, комерцијална логистика, управување со ризици и други економски и бизнис предмети. Во Септември 2009 кандидатот се запишува на докторски студии на Економскиот Институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методи” во Скопје со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор”***. На 12.05.2014 година кандидатот успешно го одбранува својот докторски труд, и се стекнува со звање доктор на економски науки. Кандидатот д-р Зоран Темелков има богато работно искуство кое започнува на позицијата соработник во секторот за Извршување и надоместоци во Телеком А.Д. Македонија. Со завршување на работниот ангажман во Телеком А.Д, кандидатот започнува со работа во Уни Банка А.Д. – Скопје, за подоцна да го прошири своето искуство во консултантска фирма. Од 01.10.2009 год, д-р Зоран Темелков е вработен како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Од 09. 2011 година работи како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логстика. Од 01.10. 2012 година кандидатот е избран во соработник – асистент на факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

***Законски услови  кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на науки од соодветната научна област – финансии и банкарство
2. Просек на студиите од прв циклус на студии – 9.43 и просек на студиите од втор циклус на студии 9.33.
3. Објавени најмалку четири научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Temelkov, Zoran and Radosavljevik-Bojceva, Marina | Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business | First REDETE Conference “Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies: A Review of Current Policy Approaches, 27-29 Oct 2011, Banja Luka. pp.  212-218. ISSN 2233-1034 | 2011 |
| 2 | Temelkov, Zoran and Radosavljevik-Bojceva, Marina and Dimitrovski, Darko | Banking for poor as strategy for local sustainable tourism development | Contemporary Issues in Economics, Business and Management - EBM 2012, Kraguevac, Serbia. pp. 415-425. ISBN 978-86-6091-037-2 | 2012 |
| 3 | Dejan Metodijeski, Nako Taskov, Zoran Temelkov, Oliver Filiposki | SMEs development and innovation: Examples of rural tourism in Republic of Macedonia | SMEs Development and Innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe, VIII International Conference, 03-04 Oct 2014, Ohrid, Macedonia. pp. 537 – 544 ISBN 978-9989-695-56-8 | 2014 |
| 4 | Snezana Bardarova[1] , Drasko Atanasoski, Zoran Temelkov, Oliver Filiposki, Aneta Stojanovska | Maastricht Treaty in the Shaping and Development of the Common Foreign and Security Policy (CFSP) | Journal of US-China Business Administration, 11 (7) ISSN 1548-6591. | 2007 |

Трудовите со реден број 1, 2 и 3 се вбројуваат во меѓународни публикации

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р. Зоран Темелков во 2009 година се вработува како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во областа на банкарство и финансии. Во 2012 година е избран за асистент во областа на банкарство и финансии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Унивеизтетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во периодот од учебната 2009/2010 година до учебната 2014/2015 година, д-р. Зоран Темелков одржува вежби за следните предмети:

- Банкарско работење
- Фискален систем
- Финансиски инвестиционен менаџмент
- Финансиски менаџмент
- Монетарна економија
- Управување со ризици

– Економика на претпријатија
– Вовед во осигурување
– Комерцијална логистика

***Научната евалуација со научните трудови за целиот период до изборот на кандидатот д-р Зоран Темелков е следниов.***

1. Poposka, Klimentina and **Temelkov, Zoran** (2014) Reinventing the banking for poor concept for transitional countries. Journal of Sustainable Development, 5 (8-9). pp. 66-76. ISSN 1857-8519.

Taskov, Nako and Dimitrovski, Darko and **Temelkov, Zoran** (2013) *Wine tourism in Macedonia, a qualitative analysis*. Scientific Journal Hotel and Tourism Management (2). pp. 55-62. ISSN 2334-8267.

Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and Dzaleva, Tatjana and Filiposki, Oliver and **Temelkov, Zoran** (2013) Промоција на туристичките дестинации во нашата земја преку кампањата Истражи ја Македонија.In: 1ST International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2013, Ohrid, Macedonia.

Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and Filiposki, Oliver and Dzaleva, Tatjana and **Temelkov, Zoran** (2013) Geographical dispersion of tourist agencies in Republic of Macedonia. In: First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, Nis, Serbia.

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena and **Temelkov, Zoran** (2012) Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 39-42. ISSN 2221-5956.

**Temelkov, Zoran** (2012) Banking with the poor and women entrepreneurship development in emerging economies. Предизвиците на науката во економија базирана на знаење - состојби и перспективи. pp. 83-91. ISSN 978-608.

Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and Dzaleva, Tatjana and Filiposki, Oliver and **Temelkov, Zoran** (2012) Mogućnosti razvoja termalnog turizma u Republici Makedoniji. IV Kongres banja sa međunarodnim učešćem.

Radosavljevik-Bojceva, Marina and Cabuleva, Kostadinka and **Temelkov, Zoran** (2012) EU financial assistance to Western Balkan Countries with special focus on Albania. First International Conference-South-East European Countries towards European Integration.

Marina Radosavjlevik Bojceva, **ZoranTemelkov** (2011) "Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business",First REDETE Conference" Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies:A Review of Current Policy Approaches", pp. 212 – 219, October 27-29, 2011, Banja Luka.

Оливер Филипоски, Нако Ташков, Дејан Методијески, **Зоран Темелков** (2011) "Комуникација во образовниот процес", меѓународен научно-стручен собир "Образованието во 21 век", Македонско научно друштво – Битола, стр. 187, 09. Декември, 2011, Битола, Македонија.

Marina B. Radosavjlevik – Bojceva, **Zoran Temelkov** (2011) "EU financial support for the Republic of Macedonia", International jubilee scientific conference "Economics and Management in the 21st Century – Solutions for sustainability and growth", pp. 491 – 498. 8-9 November, 2011, Svishtov, Bulgaria.

**Zoran Temelkov**, Vlatko Paceskoski (2009) "Free money for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis", scientific conference with international participation " The agricultural sector in times of financial crises, pp. 96 – 101, 5-7 November, 2009, Svishtov, Bulgaria.

Зоран Темелков (2007) "Менаџирање на финансиски средства и извори на финансиски средства во Македонија, наменети за претприемачи", Научен собир – збирка на трудови, Претприемништво – проблеми, дилеми и перспективи, Скопје, 2007, стр. 219 – 229.

Зоран Темелков (2006) " Промените во Супервизијата во Банкарската Индустрија под влијанието на Базел I и Базел II Спогодбата" –четврт дел, месечно списание Теорија и Пракса – Економија и Бизнис, Мај, Бр. 101.

Зоран Темелков (2006) " Промените во Супервизијата во Банкарската Индустрија под влијанието на Базел I и Базел II Спогодбата" –трет дел, месечно списание Теорија и Пракса – Економија и Бизнис, Април, Бр. 100.

2. Зоран Темелков (2006) " Промените во Супервизијата во Банкарската Индустрија под влијанието на Базел I и Базел II Спогодбата" –втор дел, месечно списание Теорија и Пракса – Економија и Бизнис, Март, Бр. 99.
3. Зоран Темелков (2006) " Промените во Супервизијата во Банкарската Индустрија под влијанието на Базел I и Базел II Спогодбата" –прв дел, месечно списание Теорија и Пракса – Економија и Бизнис, Февруари, Бр. 98.
4. Snezana Bardarova , Drasko Atanasoski, **Zoran Temelkov**, Oliver Filiposki, Aneta Stojanovska (2014) Maastricht Treaty in the Shaping and Development of the Common Foreign and Security Policy (CFSP). Journal of US-China Business Administration, 11 (7) ISSN 1548-6591.
5. Dejan Metodijeski, Nako Taskov, **Zoran Temelkov**, Oliver Filiposki (2014) SMEs development and innovation: Examples of rural tourism in Republic of Macedonia. SMEs Development and Innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe, VIII International Conference, 03-04 Oct 2014, Ohrid, Macedonia. pp. 537 – 544. ISBN 978-9989-695-56-8

***Научно популарна статија во весник***

6. Зоран Темелков (2012) " Каде исчезнува македонскиот денар", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 08.02.2012 год. 901.
7. Зоран Темелков (2011) "Правилниот избор – пред трошоците", Бизнис - дневен економски весник, стр. 7, 06.07.2009 год.
8. Зоран Темелков (2012) " Трката за профит ја заслепи грижата за клиентите", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 02.02.2012 год. 897.
9. Зоран Темелков (2011) "Пари се бројат колективно", стр. 2-3. 28.06.2011 год. 762.
10. Зоран Темелков (2011) "Дишење во врат пред банкомат", стр. 8. 13.06.2011 год. 751.
11. Зоран Темелков (2010) "Во банките се повеќе фиктивни комитенти и колекционери на книшки", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 20.09.2010 год. 581.
12. Зоран Темелков, Марија Гогова (2010) "Деловните банки можат да бидат и посредници", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 14.09.2010 год. 577.
13. Марија Гогова, Зоран Темелков (2010) "Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата?", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 02.09.2010 год. 572.
14. Зоран Темелков (2010) "Поевтини пари за совесните клиенти", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 19.08.2010 год. 562.
15. Зоран Темелков (2010) "Црната боја легитимација на богатството", Бизнис - дневен економски весник, стр. 4-5, 30.04.2010 год. 488.
16. Зоран Темелков (2010) "Нова технологија – софистицирани криминалци", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 19.04.2010 год. 479.
17. Зоран Темелков (2009) "Повеќе пластика – поголеми долгови", Бизнис - дневен економски весник, стр. 5. 25.08.2009 год.
18. Зоран Темелков (2009) " Електронското банкарство предизвик за комитентите", Бизнис - дневен економски весник, стр. 6, 10.07.2009 год. 302.

***Докторски труд:***

**Зоран Темелков** (2014) Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор. *Економски институт, Универзитет "Свети Кирил и Методиј"– Скопје*

***Магистерски труд:***

**Зоран Темелков** (2006) Промените во Супервизијата во Банкарската Индустрија под влијанието на Базел 1 и Базел 2 Спогодбата. *Универзитет Шефилд – Солун, Грција*

*Скрипти и практикуми*

34. **Апостолов, Мичо и Темелков, Зоран** (2014) Скрипта по Фискален систем. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-087-3.
35. **Апостолов, Мичо и Темелков, Зоран** (2014) Практикум по Фискален систем. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-088-0.

*Стручни награди и признанија*

36. Certificate of completion – Integrating IT tools in teaching process, held in Stip, July, 2011. Organized by the University of Goce Delcev
37. Уверение за положен испит за проценувач од областа на побарувањата и обврските, издадено од Министерство за финансии, Комисија за полагање на стручен испит за проценувач од областа на побарувањата и обврските – број 12-21841/1 од 15.06.2012 година.
38. Сертификат за положен испит за туристички придружник, издаден од Факултет за туризам и бизнис логистика, 25,12,2013, рег. Број 229/2014.

***Кратка евалуација на трудовите***

***Евалуација на труд бр. 1:* „Reinventing the banking for poor concept for transitional countries"**

Концептот на банкарство за сиромашни овозможи подобрување на животниот стандард на населението во неразвиените земји, и промовирање на претприемачките активности на претприемачи кои неможат да побараат финансирање преку конвенционалните финансиски мрежи. Концептот на банкарство за сиромашни, успешно ги исполни своите цели во сиромашните региони, меѓутоа, овој концепт не ги даде посакуваните резултати во земјите во развој. Неуспешноста на концептот на банкарство за сиромашни во помагање на сиромашното население во земјите во развој, се појавува потребата за негова модификација, односно промени во неговата структура. Модификувањето на карактеристиките на овој концепт е со цел да се постигне економски развој, подобрување на животниот стандард, и зголемување на вработеноста на сиромашното население во земјите во развој, односно земјите во транзиција.

***Евалуација на труд бр. 2:* „Wine tourism in Macedonia, a qualitative analysis"**

Туризмот како гранка има важна улога во развојот на секоја земја, поради што низ годините имаат произлезено најразличлни видови и форми на туризмот. Притоа се посочува дека секоја форма е развиена со цел да овозможи максималнинпридобивки за конкретниот регион во кој може да се развие конкретната форма на туризам. Винскиот туризам, како што кажува самото име е адекватен за региони во кои се произведува виното. И покрај тоа што како концепт постои неколку декади, винскиот туризам постигнува популарност во последните неколку години, при што посебна популарност стекнува во земјите во развој. Истражувањето покажува дека Република Македонија има голем потенцијал за развој на винскиот туризам. Една од поглавните предности е тоа што винските региони во Република Македонија се препознатливи по висококвалитетното вино и лозови насади. И покрај тоа што н еолку винанрии имаат превземено поечтни чекори за развивање на оваа форма на туризам, сепак Република Македонија треба да дополнително да вложува ресурси и да развива стратегии за развој на овој вид на туризам. Притоа треба да се напомене дека една од поглавните пречки за развојот на винскот туризам е недостаток на адекватни објекти и сместувачки капацитети.

***Евалуација на труд бр. 3:* „Промоција на туристичките дестинации во нашата земја преку кампањата Истражи ја Македонија**"

Фокусот на овој труд е кампањата која е спроведена од страна на Владата на Република Македонија – Истражи ја Македонија. Самиот труд ги претставува основните карактеристики и целите на кампањата како и изготвениот материјал кој е подготвен за промоција на туристичките дестинации и развој на туристичкиот потенцијал на регионите во Република Македонија. Трудот ги претставува заклучоците во форма на коментари,

предлози и препораки за перспективите на промотивната кампања. Притоа овие предлози и коментари се во насока на подобрување на промовирањето кое значително придонесува за развој на туризмот и актуализирање туристичките понуди за домашните туристи.

***Евалуација на труд бр. 4:* „Geographical dispersion of tourist agencies in Republic of Macedonia“**

Предмет на истражување на трудот се туристичките агенции кои ги извршуваат своите активности во Република Македонија. Притоа се дефинираат главните цели на туристичките активности, како и нивниот историски развој. Притоа се посочува на значајната улога која што ја имаат туристичките агенции за развој и промоција на туризмот. Внимание исто така се посветува и на географската распространетост на туристичките агенции, и стратегиите за модернизирање на нивните активности. Се прикажува и важноста, односно улогата, која што ја има државата во развојот на туризмот и туристичките агенции, преку своите програми за развој на организираниот туризам.

***Евалуација на труд бр. 5:* „Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia“**

Овој труд има за цел да направи компарација на инвестициските можности кои што ги имаат на располагање малите инвеститори во мали и отворени економии. Притоа, во земјите во развој се поставува прашањето, која инвестиција би овозможила најголем принос и прифатливо ниво на ризик. Притоа анализтата вклучува најразлични методи со кои би се направила споредба помеѓу депозитите или инвестирањето во пензиските фондови. Резултатите од овој труд се од посебна важност за земјите во кои што финансиските пазари се сеуште во раниот стадиум на развој.

***Евалуација на труд бр. 6:* „Banking with the poor and women entrepreneurship development in emerging economies“**

Во многу земји, малите и фамилијарни бизниси се еден од основните фасктори кои овозможуваат економски раст и подобрување на животниот стандард. Притоа, најголем осврт се дава на претприемачите кои се насочени кон раст и развој на малите претпријатија. Додека традиционално, машката популација се сметала за претприемач, во последните неколку години се зголемува бројот на жени претприемачи. Притоа женската популација се соочува со одредени финансиските потешкотии и ограничувања за започнување на сопствен бизнис. Ограничените финансиски ресурси е една од најголемите пречки за развој на претприемништвото кај женската популација. Сепак, овој недостаток може да се надмине преку употреба на концептот на банкарство за сиромашни. Овој концепт ги напушта принципите на тррадиционалното банкарство, и ги заснова своите активности врз нови принципи, со што овозможува заеми на сиромашната популација. Преку овој труд се претставуваат различните производи на банакрството за сиромашни и начинот на кој што овие производи би можеле да го подржат развојот на жените претприемачи.

***Евалуација на труд бр. 7:* „Mogućnosti razvoja termalnog turizma u Republici Makedoniji“**

Целта на овој труд е анализа на термалниот туризам во Република Македонија. Во рамките на овој труд се дефинира концептот на термален туризам, и се извршува класификација на термалните бањи според регионите во кои се наоѓаат и карактеристиките на водата. Исто така, ќе бидат прикажани и претпријатијта кои се занимаваат со термалниот туризам, заедно со статистичките податоци и дефинирањето на профилот на туристите за термалниот туризам. Трудот овозможува, препораки за понатамошниот развој на термалниот туризам во Република Македонија.

***Евалуација на труд бр. 8:*** **„EU financial assistance to Western Balkan Countries with special focus on Albania“**

Финансиската помош која што ја доделува Европската унија е со цел да обезбеди подготвување на земјата за прифаќање на стандардите и прописите на самата Европска унија. Преку најразлични програми, Европска унија доделува финансиска помош на земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати за спроведување на реформи, и подобрување на економско социјалните услови во земјата. Инструментот за претпристапна помош за Албанија се фокусира на четири приоритетни области, и тоа: јавната администрација, правосудтвото, економскиот развој и животната средина и инфраструктурата.

***Евалуација на труд бр. 9:*** **„Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business“**

Трудот има за цел да ја анализира улогата и важноста на малите бизниси во економијата. Притоа акцент се става улогата на малите бизниси како движечка сила за развој на економијата во земјите во транзиција. Зајакнување и поддршка на претприемништвото може да има значителен придонес во целта за намалување на стапката на невработеност со што би се влијаело врз подобрувањето на животниот стандард. Во трудот посебно внимание се посветува на актуелноста на семејните бизниси во Република Македонија. Високата стапка на невработеност наметнува потреба за изнаоѓање на адекватни стратегии за елиминирање на основните ограничувања кои го попречуваат развојот на претприемачот.

Главниот фокус, според авторите, треба да биде насочен кон едукацијата и подобрувањето на квалификациите и способностите на идните и постоечките претприемачи. Притоа акцент треба да стави на образованието на претприемачот и самиот начин на размислување. Стратегијата, исто така треба да стави фокус на зголемување на достапноста на финансиските средства за претприемачите.

Заклучоците на авторите посочуваат на потребата за осознавање на важноста на претприемачите и соодветно фамилијарните бизниси во потпомагање на развојот на економијата, преку зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард.

Евалуација на труд бр. 10: „Комуникација во образовниот процес“

Говорот ја претставува основата на комуникацијата, од таа причина кога се стремиме кон говорот како уметност за студирање, треба да се стекнеме со широк спектар на збогатени комуникациски вештини. Во секојдневните бизнис опкружувања, луѓето го искажуваат своите ставови на вербален начин во најразлични ситуации. Од таа причина потребно е да се посвети внимание на стекнување со потребните комуникациски вештини и вештините за говор и говор пред јавност. Вештините за вербална комуникација им даваат значителна предност на менаџерите при секојдневната комуникација, со што една од главните задачи станува развивањето на конкретните вештини. Трудот има за цел да прикаже анализа на подготовката и оралната презентација за индивидуата да стане подобар оратор или говорник.

***Евалуација на труд бр. 11:*** **„EU financial support for the Republic of Macedonia“**

Европската унија, во последните неколку децении,посвети посебно внимание на промоција на економската и социјалната кохезија меѓу земјите членкина Унијата. Притоа Европската унија има посебен интерес во обезбедување на поддршка на економскиот и социјалниот развој на потенцијални кандидати, со цел да се обезбеди висок квалитет на живот. Политика на ЕУима за цел да го помогне развојот и унапредувањето на овие земји преку специфични програми кои обезбедуваат финансиска помош.Инструментите како на пример ФАРЕ, КАРДС, САПАРД, ИСПА и најновиот инструмент, ИПА, со нивната ефикасност и ефективност обезбедуваат поддршка запотенцијалните кандидати да ја трансформира нивната економија во согласност со стандардите на ЕУ.Финансиска поддршкана ЕУе на располагање за Република Македонија, со цел да помогне да се реализираат економските и политичките реформи, инвестициски проекти, зајакнување на демократијата која ги почитува човековите права и владеењето на правото, како и функционална пазарна економија што може дасе соочи со зголемената конкуренција во глобалната економија.

***Евалуација на труд бр. 12:*** **„Free money for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis“**

Земјоделската дејност е една од приоритетните гранки за развојот на економијата. Во таа насока авторите посочуваат дека Европската унија преку национални програми на државите ја посочува важноста на оваа гранка преку формирањето на различни фондови и програми за финансирање во насока на развој и модернизирање на земјоделството и неговите активности. Авторите посочуваат дека кризата од 2008 година имаше значително негативно влијание врз активностите и финансиските резултати на земјоделските претпријатија.. Ваквите негативни резултати предизвикаа намалување на капиталот кој што претпријатијата го имале на располагање за реализација на инвестиции, со што се појави тренд на задолжување во банкарскиот сектор најчесто со високи каматни стапки. Овие каматни стапки дополнително ги зголемија трошоците на земјоделските претпријатија.

Во таа насока, во рамките на овој труд, средствата кои потекнуваат од Европските фондови се нарекуваат „бесплатни пари“, бидејќи претпријатијата не плаќаат камати за нивно користење, и истите не треба да се вратат доколку се исполнети сите услови за нивно користење. Овие бесплатни средства се од голема важност за земјоделските претпријатија бидејќи тие ги намалуваат трошоците на капиталот и во исто време овозможуваат дополнителен извор на капитал за инвестиционите активности.

***Евалуација на труд бр. 13:*** **„Менаџирање на финансиски средства и извори на финансиски средства во Македонија, наменети за претприемачи“**

Претпремачите  се еден од основните фактори на производството кои имаат улога во развојот на економијата. Реализирањето на деловните одлуки наметнува потреба за адекватно обезбедување и менаџирање на финансиските средства. Со цел да обезбеди адекватно ниво на финансиски средства претприемачот има на располагање два алтернативни извори преку кои може да се финансираат активностите на претпријатието. Првата алтернатива е вложувањето на сопствени средства, додека втората опција го зема во предвид финансирањето преку задолжување. Притоа се потенцира сложената процедура за стекнување на средства на име кредити од банка, посебно кога станува збор за ново формирано претпријатие.

Можностите кои постојат за финансирање на активностите на претприемачите се: лизингот, трговскиот стоков кредит, кредитните картички, венчур капитал компании и ангели инвеститори. Во трудот исто така се става акцент и на важноста на менаџирањето на финансиките средства, преку менаџирање на готовинскиот тек, како и менаџирање со приходите на самиот бизнис. Во таа насока, се предупредува дека несоодветното раководење на средствата може да предизвика проблеми со готовинскиот тек, каде што проследиците би биле влошување на ликвидноста на претпријатието. Од таа причина, се наметнува потребата за претприемачот да овозможи навремено плаќање на своите обврски и наплата на своите побарувања, со цел воспоставување на непречено извршување на активностите на претпријатието.

***Евалуација на труд бр. 14, 16 и 17:*** **„Промените во Супервизијата во Банкарската Индустрија под влијанието на Базел I и Базел II Спогодбата“**

Регулацијата и супервизијата на банкарскиот сектор претставуваат значајни механизми во одржување на стабилноста и сигурноста на функционирањето на овој сектор, како и овозможување непречено одвивање на општествената репродукција.

Регулацијата и супервизијата од своја страна имаат за последица, како што нагласува м-р Зоран Темелков, намалување на отвореноста на пазарот. Но, во што се состои промената во супервизијата? Во трудот м-р Зоран Темелков наведува дека станува збор за примена на метод за пресметка на ризикот. Доколку одредена банка прифати да го применува т.н. методот на **IRB, тоа подразбира, како што наведува авторот, банката треба да се потпира на сопствена проценка на елементите на ризикот при воспоставување на капиталните барања. Се разбира во таков случај од банките кои го имплементираат** IRB методот се очекува да ја класифицираат книговодствената изложеност на банките на пет категории на средства, каде што во основа секоја категорија има слични ризични карактеристики.

Во овие пет категории се вбројуваат следниве категории: корпоративни, владини, retail, банкарски и основен капитал.

Во објаснувањето на почетокот од промените во супервизијата во банкарската индустрија м-р Зоран Темелков ги наведува поголемите промени кои уследија во 1988 година о т.н. Капитал акорд, кога почнува да егзистираат нови финансиски инструменти на инансиските пазари, како промените што едновремено се случија на овие пазари, што аметнаа потреба од модификација на 1988 Базел стандардите. Тоа несомнено наметна потреба од отстранување на надминатата поделба на земји-членки на OECD и оние кои не се членки на OECD, што значи почеток на хармонизација на финансиските пазари. Тоа на што укажува кандидатот по однос на можните промени кои се случија со акордот од 1988 година е во проценката на кртедибилитетот, што оваа одговорност и обврска преминува на Надворешната агенција за оценување на кредитниот рејтинг (External Credit Assesment Agency, ECAI). Во рамките на промените кои се извршија под влијание на Базел I и Базел II треба да се потенцира дека тие се состојат во напуштање на проценка на капиталната адекватност. Имено, се поставуваат три столба (pillars) на Базел II, чија главна цел е е да се постигне хармонизација на интернационалните стандарди и економската вредност на risk management.

Пондерационата тежина на првиот столб од новиот Базел акорд, кој се состои во пресметување на минимални капитални барања, се одредува во минимална висина на капитално барање од 8% од капиталот спроти ризично пондерираната актива.

Суштината на вториот столб се состои во супервизорски надзор на адекватност на апиталот, кој вклучува постоење на четири основни принципи за супервизорски надзор.

М-р Зоран Темелков во овој дел од трудот ги презентира и објаснува секој од овие принципи. Првиот принцип подразбира секоја банка да поседува систем според кој ќе се врши проценка на адекватноста на вкупниот банковен капитал наспроти нејзиниот ризичен профил. Вториот принцип се состои во дефинирање на одговорностите на супервизорите.

Третиот принцип се состои во дефинирањето на почетната точка на супервизорите да биде во тоа да банките да ги извршуваат нивните активности. Конечно, четвртиот принцип, се однесува на супервизорските мерки.

Промените во супервизијата во банкарскиот сектор се придружувани со воведување на т.н. трет столб што Базелскиот комитет го спроведува и кој се состои во промовирање на пазарна дисциплина, како и да послужи и како дополнување на другите два столба.

Евалуација на труд бр. 18: **„ Maastricht Treaty in the Shaping and Development of the Common Foreign and Security Policy (CFSP) “**

Од своите зачетоци Европската унија бележи континуирано унапредување на своите процеси и институции преку воспоставувањето на различните правила и органи. Притоа, таа се движи во насока на подобрување на интеграцијата помеѓу земјите членки и воспоставување на ефикасени системи и структури за подобрување на процесот на одлучување како и зголемување на транспарентноста на самите процеси.

Во таа насока ЕУ истотака развива и единствена институција во светот која го опфаќа целиот спектар на можности за цивилни и воени интервенции во случај на кризи. Со тоа, таа се движи во насока на зголемена оперативно надворешна и безбедносна политика. Притоа политиката има за цел да овозможи зголемена надворешната стабилност и да придонесе за меѓународната безбедност. Заедничката надворешна и безбедносна политика достигна значителен степен на диференцијација и зрелост. Притоа, доколку постои општа прифатеност одвладите учеснички и ако се задржи моментумот на конкретната политика, земјите-членки ќе имаат можност да се насочат кон навремено одговарање на меѓународните предизвици.

***Евалуација на труд бр. 19:* „SME sdevelopment and innovation: Examples of rural tourism in Republic of Macedonia“**

Малите претпријатија имаат важна улога во економскиот развој, како резултат на бројните предности кои што ги нудат за самите претприемачи и за економијата. За таа цел се наметнува потребата да се разгледаат нивните карактеристики и нивната улога во туриситчката дејност, или поточно во руралниот туризам. Се посочува дека и покрај

виоскиот степен на развој на руралниот туризам во развиените земји, неговиот развој во транзиционите земји е сеуште во почетната фаза. За таа цел, посочени се предлози за развој на малите и средните претпријатија во областа на руралниот туризам. Предлозите укажуваат на потребата за развој на инновативни продукти и услуги, подобрување на туризтичките објекти и развој на услуги специфични за туристичкиот регион. Притоа овие предлози треба да служат како појдовна точка за подобрување на руралниот туризам.

***Евалуација на статија бр. 20:* „Каде исчезнува македонскиот денар“**

Статијата со реден број 20 дава одговор на прашањето поврзано со намалената свест за домашната валута. Имено, се поставува прашањето каде исчезнува македоникиот денар, од аспект на тоа што во секојдневните пресметки ги употребува странските валути, притоа игнорирајќи го постоењето ан домашната валута. Се посочува дека ваквиот игнорантски став допридонесува до намалување на вредноста на домашната валута.

***Евалуација на статија бр. 21:* „Правилниот избор – пред трошоците“**

Статијата ја прикажува потребата од ангажирање на консултанти при подготовка на апликацијата за добивање на средства од програмите за финансика помош на Европската унија. Во таа насока, се истакнува дека апликантите не треба да пробуваат да заштедат на овие трошоци бидејќи трошоците се одобрени во рамките на ИПА програмата и истите се финансирани. Апликантите треба да ја согледаат предноста која произлегува од консултантите и нивната експертиза при подготовка на барањата за аплицирање за средства од ИПА програмата.

***Евалуација на статија бр. 22:* „Трката за профит ја заслепи грижата за клиентите“**

Статијата ја покажува важноста на грижата за клиенти која што треба да пости во секоја банка. Притоа баките не треба да биодат заслепени од целта за остварување на профит на краток рок, туку треба да имаат проактивен пристап во услужувањето на клиентите. Во услови на недостаток на конкуренција сегашниот третман можеби не влијае на профитот, меѓутоа процесот на глобализација постепено ќе ја зголеми и конкуренцијата во финансикиот пазар.

***Евалуација на статија бр. 23:* „Пари се бројат колективно“**

Статијата со  ред број 23 има за цел да го прикаже недостатокот на дискреција кој постои во филијалите и експозитурите на банките. Имено, се посочува дека постои непочитување на трансакциите од лична природа при чекањето и извршување на трансакции на благајните. Исто така, акцент се става потребата за зголемена дискреција пред се поради зачувување на личната безбедност.

***Евалуација на статија бр. 24:* „Дишење во врат пред банкомат“**

Статијата со реден број 24 ја прикажува потребата за модификување на одредени аспекти од банкоматите како и стекнување ос навика за чекање во ред. Притоа се посочува дека е потребно самите банки да обезбедат соодветни механизми за зачувување на дискрецијата при внесување на бараниот пин за извршување на тарансакција.

***Евалуација на статија бр. 25:* „Во банките се повеќе фиктивни комитенти и колекционери на книшки“**

Република Македонија бележи загубена доверба во банкарскиот сектор како последица на пропаѓањето на неколку банки и штедилници. Од таа причина, штедачите бараат максимална заштита на нивните средства, со што отвараат книшки и штедни влогови во најразлични банки до висината на гарантираниот износ од страна на Фондот за осигурување на депозити. Ваквиот начин на отварање на сметки предизвикува појава на колекционери на штедни книшки.

***Евалуација на статија бр. 26:*** **„Деловните банки можат да бидат и посредници"**
Статијата со број 26 става акцент на можните улоги кои што би можеле да ги превземат банките. За таа цел се става акцент на активностите кои банките би требало да ги извршуваат како и ефектот од новните активности врз профитабилноста на самите банки.

***Евалуација на статија бр. 27:*** **„Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата?"**
Статијата со реден број 27 дава насоки во решавањето на дилемата дали штедачите да ги орочат своите средства во банкарскиот сектор, или тие да бидат инвестирани во пензискиот фонд. Притоа се наведуваат основните критериуми врз основа на кои што треба да се донесува овој вид на одлука.

***Евалуација на статија бр. 28:*** „Поевтини пари за совесните клиенти"
Во статијата со ред број 28 се покренува идејата за овозможување на поволни услови за кредитирање на клиент кои имаат висок кредитен рејтниг, и кои се оценети од страна на банките како неризични клеинти. Прuитоа, соодветно се посочува дека високо ризичните клиенти би требало да сносат поголеми трошоци за кредитите кои ги бараат.

***Евалуација на статија бр. 29:*** **„Црната боја легитимација на богатството"**
Статијата со реден број 29 ја распознава важноста и потребата за престиж помеќу клиентите. Во таа насока е претставен еден од начините на кој што банките ги задоволуваат потребите и барањата на овие клиенти. Во статијата се посочени различните видови на платежни картички кои што ги нудат банките како и карактеристиките на секоја од нив.

***Евалуација на статија бр. 30:*** **„Нова технологија – софистицирани криминалци"**
Статијата со реден број 30 дава акцент на зголемената софистицираност на криминалците која произлегува од развојот на новата технологија. Во таа насока се посочуваат можни чекори кои треба да се превземат од страна на клиентите за намалување на ризикот да станат жртви на софистицираните криминалци.

***Евалуација на статија бр. 31:*** **„Повеќе пластика – поголеми долгови"**
Статијата со реден број 31 го претсавува кружниот систем на задолжување кој произлегува од земањето на кредитните картички. Имено, комитентите преку поседување на повеќе кредитни картични навлегуваат во висок степен на задолжување. Притоа, потребата за подмирување на инималната рата го извршуваат само фиктивно, преку кружење на истите средства на сите картички, односно уплаќање и подигнување на средствата. Статијата наведува дека ова фиктивно подмирување на обврските предизвикува зголемување на задолжувањето поради континуираното акумулирање на каматните обврски.

***Евалуација на статија бр. 32:*** **„Електронското банкарство предизвик за комитентите"**
Статијата со реден број 32 ги прикажува предизвиците со кои се соочуваат клиентите со развојот на новата технологија која се употребува во банкарските операции. Притоа, целта е да се мотивираат комитентите да ги надминат предизвиците и да ги согледаат предностите кои произлегуваат од електронското банкарство како нова технологија односно услуга понудена од страна на банките.

***Евалуација на труд бр. 34:*** **„Скрипта по Фискален систем"**
Скриптата по Фискален систем е наменета за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за подготвување на испитот по предметот Фискален систем. Содржината на скриптата ја опфаќа потребната материја за предавањата по предметот Фискален систем, според Наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Скриптата можат да ја користат и студенти на останатите факултети каде што

се изучува предметот Фискален систем, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика.

***Евалуација на труд бр. 35:* „Практикум по Фискален систем“**

Практикумот по Фискален систем е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за изготвување на вежбите и подготвување на испитот по предметот Фискален систем. Содржината на практикумот ја опфаќа потребната материја за вежбите по предметот Фискален систем, според наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Практикумот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Фискален систем и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите.

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област финансии и банкарство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип се пријави кандидатот д-р Зоран Темелков.

Приложената документација е во согласност со документацијата која се бараше во Конкурсот, со што кандидатот ги исполнува потребните услови за избор на наставник во сите звања согласно Правилникот за критериуми и постапки за избор на наставно-научни, научни и наставни звања звања. Врз основа на приложената докуменатација за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатот д-р. Зоран Темелков е искусен и квалитетен наставно-научен кадар, кој преку долгогодишен ангажман во наставно педагошката дејност и активна научно истражувачка работа со публикации од областа, демонстрира исклучително знаење и умеење во областа на финансиите и банкарството.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во областа на кандидатот се вбројуваат и трудови во стручно-научно популарно списание (1, 2,), членство во комисиите за упис на студенти на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, техничко унапредување преку полагање на испитот за овластен проценител, унапредување преку успешно завршување на обуки, како и дејности на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност според Универзитетскиот гласник бр. 28 од 2013 година на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Зоран Темелков ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му предложи да го избере во наставно-научното звање доцент, за наставно - научната област финансии и банкарство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Климентина Попоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р. Ристо Фотов, член, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| | **Избран во звање помлад асистент** | | | | | 10 |
| | **Избран во звање асистент** | | | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| **Р. бр** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** (3,6,10, 13,14,16, 17 и 19) и (4,5,7,8,9,12 и 18) | 8 | 1 | 7 | 2 | 22 |
| | **Учество на научен собир со реферат** (усно, потвдено со сертификат за учество) | 2 | 1,5 | 1 | 2 | 5 |
| | **Одбранета докторска теза** | 1 | 8 | | | 8 |
| | **Одбранета магистерска труд** | 1 | 4 | | | 4 |
| | **Научно популарна статија во весник (20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31 и 32)** | 13 | 0.5 | | | 6.5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45.5** |
| **Р. бр** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **Труд во стручно – научно популарно списание** (1 и 2) | | | 2 | 6 | **12** |
| | **Член на факултетски орган, комисија** Член на уписна комисија | 3 | 2 | | | **6** |
| | Стручни награди и признанија (36,37 и 38) | 3 | 4 | | | **12** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **100.5** |